РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

**УП. БР. 09-06/4**
**од 08.08.2022 год.**
**ЗЕЛЕНИКОВО**

Врз основа на член 44, став 7 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ" бр.32/20) и доставен предлог за одобрување на Планска програма од Комисијата за урбанизам од член 38 од истиот Закон, Градоначалникот на Општина Зелениково донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Планска Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково

1. **СЕ ОДОБРУВА Планската Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково** со технички број **УП – 01/22 од јули 2022** година изработена од **ДПИ "МГ ПРОЕКТ" ДООЕЛ Скопје**.

2. **Површината на Проектниот опфат изнесува 0,1ха.**

3. **Составен дел на ова решение е**

    - **Планската програма** за **изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково** со технички број **УП – 01/22 од јули 2022** година изработена од **ДПИ "МГ ПРОЕКТ" ДООЕЛ Скопје**.
    - **Ажурирана геодетска подлога** со обележана граница на плански опфат од геодетски елаборат со деловоден број 0801-193/3/22 од 14.04.2022 година, изготвен од ГЕОПОИНТ ДООЕЛ Скопје.
    - **Предлог за одобрување на Планската програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково со бр.09-06/3 од 05.08.2022 год**.

4. **Со одобрување на Планската програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково,** може да се продолжи со постапката за изработка и донесување на Предлог **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково**.

ул.1, бр.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.nmk
www.zelenikovo.gov.nmk

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Зелениково со Решение број 08-193/2 од 22.03.2022 год, достави Предлог за одобрување на Планска програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково** со **бр.09-06/3 од 05.08.2022 година.**

Планската Програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на бунар, водоводна линија до резервоар и резервоар за село Градовци, Општина Зелениково, со тех.бр. УП – 01/22 од јули 2022** година изработена од **ДПИ "МГ ПРОЕКТ" ДООЕЛ Скопје** е доставена за одобрување, корегирана по доставени забелешки, заедно со:

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога, изработен од ГЕОПОИНТ ДООЕЛ Скопје, со деловоден број 0801-193/3/22 од 14.04.2022 година,
- Елаборат за услови за планирање на просторот, изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр.Y17922 од мај 2022,
- Решение за Услови за планирање на просторот, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.УП1-15 974/2022 од 26.05.2022 година.

Градоначалникот на Општина Зелениково по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**Градоначалник,**

**Коста Маневски**

KOSTA MANEVSKI
Digitally signed by KOSTA MANEVSKI
Date: 2022.08.15 16:17:59 +02'00'